ISSN 1409-5483

**ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ**
**„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

## КНИГА 12

СКОПЈЕ 2006

Дејан БОРИСОВ, ѓакон

# ЦРКОВНАТА СОСТОЈБА И ТУЃИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIX ВЕК

## Вовед

Појавата на економската револуција на Запад и зголемените надворешни интервенции врз Отоманската империја силно влијаат и врз населението во Македонија што доведува најпрво до поизразена класна поделба на македонското население и создавање на домородни еснафи. Подобрената финансиска ситуација и надворешните влијанија овозможуваат во овој период поголем број Македонци да се здобијат со високо образование, најчесто надвор од Македонија. Интересно е дека малкумина од оние Македонци со високо образование доживеале старост, особено оние коишто активно се вклучиле во борбата за политичко-културно ослободување на македонскиот народ. Отоманите се плашеле од образуваните Македонци зашто можеле да се побунат, што и се случило. Грците се плашеле бидејќи можеле да им се спротивстават, Бугарите и Србите се плашеле и ги мразеле, бидејќи ја разоткривале нивната асимилаторска политика. Сите биле во право - токму македонската интелигенција е јадрото на македонското движење за слобода. Својата дејност не ја манифестираат само во Македонија, туку насекаде каде што се наоѓаат, формирајќи културни друштва и кружоци сведочејќи му на светот за својата историја, култура и посебност. На почетокот од XX век оваа културна димензија на македонското национално-ослободително движење добива и своја практична манифестација преку формирањето на Македонското научно-литературно другарство во С. Петербург (1902-1917), кое претставува и основа на сегашната Македонска академија на науките и

уметностите (МАНУ)[1] и формирањето на Тајната македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО) на 23 октомври 1893 во Солун, подоцна ВМРО. Во почетокот на XX век дејствувањето на ВМРО резултира со најмасовното македонско востание - Илинденското (2 август 1903), при што е формирана и Крушевската Република. Паралелно со движењето за национална и политичка еманципација во XIX век се манифестира и силно духовно движење за еманципација од Цариградскиот патријархат. Сè до 1767 година Македонија се наоѓа под црковна јурисдикција на Охридската архиепископија, но со нејзиното неканонско укинување од страна на султанот македонските епархии потпаѓаат под јурисдикција на Цариградскиот патријарх.

Политичките промени во овој период и создавањето на новите балкански држави и нивните територијални апетити доведуваат до промени и во црковниот живот. Појавата на националните движења[2] и политичкото ослободување на дел од балканските народи се манифестирала и преку желбата за обновување на своите претходно, од страна на отоманската власт, неканонски укинати автокефални

[1] Блаже Ристовски, *Столетија на македонската свест - Истражувања за културно-националниот развиток*, Скопје 2001, 433-452.

[2] До XIX век во Отоманската империја не постоело национално диференцирање на балканското население во вистинска смисла на зборот *нација*. За Турците православните христијани во Империјата имале заеднички идентитет без меѓусебна национална различност и се нарекувани 'рум' (православните христијани биле наречени *рум* или *ром*, а го добиле името поради своето источно-римско потекло, како наследници на Источното римско царство - *Романои*) и биле дел од *Рум милетот* (*милет* на персиски означува **нација**, но во исто време дефинира и **религиозна група**, припадност на одредена религија). Единствена можност за некаква национална посебност било постоење на црковна ерархија т.е., постоење на народ на којшто таа ерархија припаѓала, едноставно кажано: „Без ерархија, нема т.е, не постои народ". По укинувањето на Пеќската патријаршија (1766) и Охридската архиепископија (1767), Цариградската патријаршија станала претставник на сите христијани во Отоманската империја. Истата како што е добро познато е грчка црква, со грчка ерархија. Па така, Грците коишто се наоѓале на чело на *Рум милетот* не само што се грижеле за грчките христијани, туку се обидувале да ги привлечат, преобратат и религиозно-културно да ги асимилираат останатите не грчки христијани во Отоманската империја... Истово подоцна, по создавањето на Бугарската Егзархија (1870) ќе се обидат да го сторат и Бугарските националисти. Panayote Elias Dimitras, *Writing and rewriting history in the context of Balkan nationalisms*, Southeast European Politics, Vol. I, No. I, Greek Helsinki Monitor & Minority Rights Group - Greece, October 2000, 42.

Помесни православни цркви. Под притисок на Русија во 1870 година султанот дал дозвола да се формира бугарска црква во лицето на Егзархијата. Со ова тој ја задоволил желбата на бугарскиот народ за формирање на негова помесна црква, а воедно поставил и клин на раздор меѓу Бугарите и Грците. Во своите *megali idei* и едните и другите ја гледале Македонија како свој природен дел.

Токму Македонија е јаболкото на балканскиот раздор, земја од соништата која ја сакаат сите, а никој не може да ја има. Ако се запрашаме зошто е тоа така, одговорот ќе биде многу едноставен: Македонија им припаѓа на Македонците. Сè додека некој сака да присвои нешто што не е негово, сопственикот ќе се обидува со сите сили да го одбрани, таков е случајот и со Македонија и со Македонците.

Се прашуваме зарем Македонците и нивната земја се толку скапоцени што нивните соседи дури и војуваат меѓу себе за да ги потчинат?

Пред да започнат со меѓусебните војни за освојување и на крајот поделба на Македонија и Македонците, македонските соседи најпрво се обидоа преку културна асимилација да ја достигнат целта. Финансирани од своите Влади или пак од страна на некоја друга држава, во случајот со римокатолиците и протестантите, движењето за културно-национална негација и асимилација на Македонците започнува најнапред преку училиштата и храмовите, односно преку црковната пропаганда. Пропагатор и реализатор на најсилната црковно-асимилаторска пропаганда во Македонија е Егзархијата, односно бугарскиот државен апарат (по 1878 година), но истата во чекор била следена од грчката и српската. Што се однесува пак до римокатоличката, протестантската и влашката (романската) истите имаат периодични успеси, најчесто остварени преку револтот и борбата на македонското население против првите три.

Со цел да дадеме појасна слика за претензиите на бугарската, српската и грчката пропаганда во Македонија ќе понудиме дел од статистичките податоци на населението презентирани од страна на истите:

| | **Грчка** Николаидес (1899) | **Бугарска** Кенчов (1900) | **Српска** Гопчевиќ (1886) |
|---|---|---|---|
| Македонски Словени | 454 000 | / | / |
| Срби | / | 400 | 1 540 000 |
| Бугари | / | 1 037 000 | / |
| Грци | 656 300 | 214 000 | 201 000 |
| Турци и останати | 576 600 | 610 365 | 397 020 |

Табела 1. Грчка, бугарска и српска статистика за населението на Македонија.[3]

Статистикиве говорат сами за себе, сметаме дека единствено што треба да го посочиме од Табела 1. е статистиката на Николаидес кој посочува постоење на словенски народ инаков од српскиот и бугарскиот. Колку за споредба ќе понудиме и статистика од небалкански научници кои што извршиле статистичко национално пребројување на населението во Македонија за време на Отоманската империја:

| | Dr.K. Ostreich (1905) | K. Gersin (1903) | Andrew Rousos |
|---|---|---|---|
| Македонски Словени | 1 500 000 | 1 182 036 | 1 150 000 |
| Срби | / | / | / |
| Бугари | / | / | / |
| Грци | 200 000 | 228 702 | 300 000 |
| Турци и останати | 550 000 | 627 915 | 400 000 |

Табела 2. Статистика на населението во Македонија од небалкански научници.[4]

Како што може да се забележи од Табела 2. небалканските научници посочуваат дека најголемиот дел од населението на Македонија го сочинуваат Македонските Словени. Иако и овде Македонците не сеословуваат со нивното име - Македонци, сепак се потврдува нивното постоење како народ инаков од српскиот, бугарскиот и грчкиот.

[3] http://www.historyofmacedonia.org/OttomanMacedonia/statistics.html

[4] http://www.historyofmacedonia.org/OttomanMacedonia/statistics.html

**Бугарска црковно-училишна пропаганда**

Со навлегување на капиталистичкото влијание на Балканот, доаѓа до зајакнување на трговијата и оформување и развиток на еснафите. Како последица од материјалното зајакнување на христијанското население почнува и појасно манифестирање на националната самосвест на балканските народи: Грците, Бугарите, Македонците, Србите, Тракијците, Албанците. Ова води кон постепена анимација на посебноста на секој од овие народи и борба за свое истакнување и одделување во отоманскиот систем на класификација на балканското население како Рум милет, односно неправење на национална туку само на верска поделба на населението. Свое практично манифестирање ова движење го има во и преку работата на колониите и црковните здруженија за изградба на цркви и сакрални објекти, коишто подоцна се претвораат и продолжуваат да работат како црковно-училишни општини, но и во револуционерните организации коишто се оформуваат за време на XIX век.

Како најистакнато и најсилно национално здружение во првата половина на XIX век е бугарската колонија во Цариград која броела околу 30.000 лица. Дејствувањето на оваа бугарска колонија може да ја следиме уште од 40-те години на XIX век, кога со нејзина помош во 1845 година бугарските архимандрити Неофит и Иларион доставиле барање до Големиот везир за замена на високиот грчки клир во Бугарија со бугарски и формирање на Бугарска црква со седиште во Цариград. Под притисок на турската власт Цариградската патријаршија ги ракоположила овие двајца архимандрити за епископи, но веднаш потоа ги обвинила и осудила како непријатели на Империјата и странски агенти, по што истите ги испратила наместо во Бугарија на Света Гора. Силата на цариградската бугарска колонија се засилува особено по изградбата на бугарската црква во Цариград „Света Софија", што се манифестира преку прифаќањето на Цариградската патријаршија за ракополагање на нови бугарски епископи (Иларион, Панарет, Игнатиј, Доротеј, Поликарп, Иларион Макариополски, Паисиј, Антим)[5], но сепак само двајца од овие биле поставени за епископи во бугарските епархии.

---

[5] Славко, Димевски, *Борбата за афтокефалност на православните цркви во Европа создадени во XX век*, Богословски факултет „Св.Климент Охридски" - Скопје, Скопје 1979, 91.

Борбата за црковна самостојност на Бугарите, а со тоа и официјално признавање на нивната посебност како народ од страна на Отоманската империја, продолжува сè до 28 февруари 1870 кога со султански ферман е создадена бугарска Егзархија со седиште во Цариград.

Во борбата за создавање на Егзархијата учествувал и македонскиот народ кој заедно со бугарскиот, се борел против асимилаторската политика на Цариградската патријаршија, надевајќи се на обнова на Охридската архиепископија, или во крајна мерка во формирање на една словенска Црква за сите Словени на Балканот. Но, со конститутивниот собор на кој на македонските делегати не им било дозволено да учествуваат се открила всушност политиката на бугарското движење за формирање на чисто Бугарска црква.

Во членот 10 од султанскиот ферман се дадени границите на новата бугарска Егзархија:

> *„Во составот на Бугарскиот Егзархат влегуваат епархиите: Рушчушка, Силистриска, Шуменска, Трновска, Софијска, Врачанска, Туланска, Видинска, Нишка, Пиротска, Ќустендилска, Самоковска, Велешка, Филипополска (Пловдивска), областа околу Сливен (Ислимна) и Казанполска, со исклучок на околу дваесетина села на бреговите на Црното море помеѓу Варна и Ќустендил населени со небугари, исто така и населбите: Варна, Анхијало, Месемврија, Станимак со селата Куклеш, Воден, Арнаутчој, Панагија, Ново Село, Лесково, Ахман, Бачково, Белаштица и манастирите: Бачковски, Св. Анархирија, Св. Параскева, Св. Ѓорѓиј, Св. Панајија (Марија)* [...] *Доколку, покрај погоре именуваните места и населението од други места кои ја исповедаат Православната вера сакаат еднодушно или најмалку две третини од домовите да се потчинат на Бугарскиот егзархат* [...] *нивната молба мора да се прифати.*
>
> *8 зилхиџе, 1286 (28-I-1870) во Стамбол*
> *Тура Абдул Азис.*“[6]

[6] Ал. Јовановић, *Постанак Егзархије и Турска, Русија и Србија. Историско-политичка расправа*, Скопље 1936, 132-133.

Со овој член, всушност, е дадена отворена врата на бугарската пропаганда во Македонија и Србија. Иако Цариградската патријаршија на 16 септември 1872 година ја прогласила бугарската Егзархија за шизматичка црква истово воопшто не ја спречило вторава да продолжи со своите планови за замена на епископите од Цариградската патријаршија на територијата на Македонија со бугарски. Претставувајќи се како словенска црква, бугарската Егзархија почнува да ги освојува македонските епархии и да ги припојува кон себе си. Но, набрзо македонскиот народ ја увидел измамата, наместо грчкиот национализам сега им се нудел друг - бугарски, па почнува отворена борба и кон бугарската Егзархија.

Со формирањето на Бугарската држава (1878) дејствувањето на бугарската пропаганда преминува во рацете на државниот апарат. Со еден програмски документ од 1882 година претседателот на бугарскиот кабинет Б. Стоилов практично ја става под државен надзор целата дејност на бугарската Егзархија во Македонија.

> *„Со овој документ се трасирани патеките на дејствување на Егзархијата во Македонија: формирање на просветна комисија под претседателство на Егзархот; воведување еднообразност во организирањето на црковно-училишните општини во Македонија и обврзаност на Егзархот да ѐ поднесува сметка на владата за сите материјални издатоци во врска со изградбата и поправката на училиштата, издржувањето на учителскиот кадар, претседателите на црковно-училишните општини и на другите ангажирани личности. Редовната функција на Егзархијата е поткрепена со материјална помош од државниот буџет и таа се зголемува од година во година.“*[7]

Благодарение на големата државна финансиска поткрепа, Егзархијата за кратко време успева да отвори машка и женска гимназија во Солун и Битола, при истиве постојат и паралелки за школување на учители. Егзархиски учителски школи има и во Серез и Скопје, а во 1884 во Прилеп Егзархијата отвора и Богословија. Се смета дека во периодот 1886-1889 бугарската Егзархија располага со околу 800 училишта. Главна цел на овие училишта било да се убеди

---

[7] Д-р Томислав Тодоровски, *Македонија - настани, личности и дела, Опит книжевно-историски прирачник*, Скопје-Мелбурн 1999, 44-45.

македонскиот народ дека е бугарски и да се влијае на остварување на проектот за Санстефанска Бугарија (1878).

Дури откако бугарската Егзархија ќе ја започне својата пропагаторска мисија, меѓу Македонците станува јасно „зошто при обидите за формирање на истата, Бугарите никогаш не се повикуваат на Трновската патријаршија“.[8]

За да објасниме зошто Македонците се припојувале кон Егзархијата ќе се послужиме со една друга пропаганда т.е., со српската преку зборовите на Хаџи-Васиљевић кој ни ги објаснува можностите за избор на „српскиот народ“ по создавањето на бугарската Егзархија. Пред да го цитираме ќе посочиме дека според српската пропаганда, како и според останатите туѓински пропаганди кои што дејствуваат во Македонија: **Македонците не постојат како народ** (!?). Српската пропаганда за сите словенски жители на Македонија го употребува терминот **СРБИ**, а Македонија се нарекува „Јужна Србија“ или, пак, едноставно „Србија“.

> *„Срӣскиоӣ народ во Турција е доведен во една крајна и ӣешка алӣернаӣива: или да се ӣрибрȯи кон Еґзархијаӣа и, иако ӣривремено и ӣривидно ќе ґо ӣрими буґарскоӣо име, ќе има словенска црква, свое свешӣенсӣво, свои еӣискоӣи, слободно ќе оӣвора и ӣосеӣува училишӣа со нова меӣода и учебници, бесӣлаӣно ќе ґи образува своиӣе деца, ќе биде зашӣиӣен ӣред власӣа од чифлик сајбииӣе и сӣахииӣе, ќе има свои засӣаӣници и заштиӣници во судовиӣе, ќе биде безбеден од Турциӣе и Арнауӣиӣе* [...] *или: да осӣане ӣод Паӣријаршијаӣа и јавно да се нарекува* ***ґркоман*** [...] *да биде изложен на ӣосӣојана ӣурска недоверба и омраза, да се лиши од училишӣа и Црква*“[9].

Егзархијата веднаш побарала и берати за свои епископи во епархиите во Македонија коишто се изјасниле за приклучување кон неа, па така Високата Порта ѝ доделила берати за Ниш, Пирот, Врање, Ќустендил и Велес. Покрај веќе поставените бугарски егзархиски митрополити во Ќустендил и Велес во 1874 бугарската Егзархија

[8] Јов. Dr., Хаџи-Васиљевић, *Бугарска Ексархија и њен утицај на Балканске Словене*, Београд 1913, 16.

[9] Исто., 23-24,

успеала да добие уште два берати за поставување на свои епископи во Охрид и Скопје, за ова сведочи и В. Тепловъ кој вели дека „според решение на министерскиот совет Турската влада ќе издаде берати на двајца епископи коишто ќе бидат испратени таму од страна на егзархот"[1]. Во другите македонски епархии, за кои не успеала да добие берати за епископските катедри, својата пропаганда ја ширела преку поставување на свои претставници на чело на македонските црковно-училишни општини, кои имале улога на архиерејски наместници и дејствувале под директни инструкции на Егзархијата.

Интересно е да се напомне дека македонскиот народ можел да „бира" да се декларира како Грк или Бугарин, но не и да посведочи дека не припаѓа на ниту еден од овие два народа. Ова „слободно" исповедање на својата народност од страна на македонскиот народ подоцна многу убаво ќе знаат да го искористат грчката и бугарската пропаганда, се разбира, за нивни цели.

Во периодот од 1890 до 1897 Егзархијата успева да добие и берати за Скопје, Велес, Охрид, Неврокоп, Битола, Дебар и Струмица.

Со цел ширење на бугарскиот јазик, литература и култура меѓу Македонците Егзархијата во 1909 формира уште еден инструмент на својата пропаганда, тоа е здружението „Бугарска матица" со седиште во Цариград, на чиешто чело се наоѓа софискиот професор Александар Теодоров - Балан.

Бугарската национална пропаганда своето дејствување не го концентрирала и спроведувала само преку Егзархијата и црковно-училишните општини, туку и преку многу „македонски" здруженија финансирани од бугарската Влада. Ова е период кога македонскиот народ покрај обидите за црковна самостојност и обновување на Охридската архиепископија, се буди и на револуционерен план. Втората половина на XIX век е исполнета со револуционерни бунтувања, востанија, помесни буни на македонскиот народ за здобивање на национална и политичко-територијална слобода. Токму на овие револуционерни проблесоци бугарската Влада го насочува вториот дел од својата пропаганда. Претходно споменатите македонски здруженија формирале вооружени чети чијашто цел било да се разбунтува македонскиот народ и да му се даде лажна надеж дека Бугарија е таа што може да го ослободи од Турците. Покрај будењето лажна надеж

10 В. Тепловъ, *Греко-блгарскій церковный вопросъ*, 154. Цитирано според: Ал. Јовановић, *Постанак Егзархије и Турска, Русија и Србија. Историско-политичка расправа*, Скопље 1936, 149.

кај македонскиот народ дека Бугарија е таа што ќе го ослободи, овие чети вршеле и присилна агитација кај населението да се приклучи кон Егзархијата.

Едно од најсилните и најопасните средства на бугарската пропаганда во Македонија е „Македонскиот комитет“ од Софија кој подоцна прераснува во „Врховен македонски комитет“ на чие што чело од 1901 стои Иван Цончев. По наредба на овој Комитет се убиени или, пак, предадени најистакнатите македонски револуционери.

Својата црковно-политичка пропаганда Бугарија продолжува и по поделбата на Македонија со Букурешкиот мировен договор (10 август 1913) и истата трае до денес. Во Пиринскиот дел на Македонија на Македонците им е забрането да се декларираат како Македонци, да се школуваат на својот мајчин јазик, во спротивно се сметаат за непријатели на „бугарштината“.

## Грчката црковно-асимилаторска пропаганда

Со укинувањето на Охридската архиепископија (1767) и потчинувањето на македонските епархии под Цариградската патријаршија започнува периодот на поинтензивирано работење на патријаршиската грчко-национална пропаганда во Македонија. Дејствувањето на оваа пропаганда го следи веќе испробаниот начин на асимилација на домородното население: замена на високиот клир и црковната администрација со грчки, кој најчесто не го познавал ниту јазикот на својата нова паства (словенскиот) и воведување на грчкиот јазик при богослуженијата, уништување на словенските книги и словенските натписи на иконите и фреските. Грчката пропаганда во овој период од своето дејствување оди и чекор понатаму прогласувајќи ги македонските Словени за **Грци кои говорат словенски.**

Сè до основањето на бугарската Егзархија (1870) отпорот на Македонците кон Цариградската патријаршија и нејзината национално-асимилаторска политика се манифестира преку сепарација и одрекување на јурисдикцијата на Цариградската патријаршија врз одредени парохии. Честопати ова се реализирало и преку прифаќање на унија со Римокатоличката црква, јавни протести и негодувања против одредени грчки епископи и нивно заменување со домороден клир и барања за обнова на Охридската архиепископија.

Со основањето на бугарската Егзархија Цариградската патријаршија морала да го менува начинот на своето дејствување. При

основањето на Егзархијата од страна на Отоманската власт на македонското население му била дадена можност да бира кон која Црква ќе се приклони, односно под чија јурисдикција ќе се наоѓа. Ова било овозможено со тоа што доколку 2/3 од македонското население во една епархија се одлучат за јурисдикцијата на Егзархијата автоматски истата да се приклучи кон Егзархијата.

Гледајќи во Егзархијата словенска црква голем дел од македонското население се одлучило за неа, а особено поради фактот што при конципирањето на планот за основање на Егзархијата биле вклучени и македонските Словени. За жал подоцна, при самото формирање на истата, на македонските претставници не им било дозволено ниту да учествуваат на конститутивниот собор. Дури тогаш е откриена вистинската природа на Егзархијата како чисто бугарска црква.

Гледајќи дека со можноста дадена на македонското население да се изјасни под чија црковна јурисдикција ќе се наоѓа, Патријаршијата губи многу од македонските епархии, таа во својата пропаганда почнува да користи и други уште подрастични методи: застрашување и фрлање анатеми; соработка со турската власт, при што лицата кои не одговарале на нејзините интереси биле карактеризирани како бунтовници и револуционери против власта, агенти на Србија и Бугарија; поткупување на турската власт да пресудува во нејзина полза при расправите за црковниот имот, гонење на македонската интелигенција.

> *„Во нејзиното спроведување, покрај грчките митрополити и учители, се вклучуваат: етнографи, статистичари, картографи, новинари, издавачи, дипломатски претставници, банкари, воени личности, здруженија и организации [...] Во 1871 година таа формира силогос во Серез за ширење на грчката писменост во областа кој ќе врбува сиромашни Македончиња да се школуваат бесплатно во грчките училишта. Во 1876 година во нејзина режија во Лондон и Париз се отпечатени етнографски карти во кои се одбележани прецизно грчките територијални претензии над Македонија кои допираат на север до Качаник и Ќустендил. Објавени се и статистички извештаи со неточно прикажан броен соодност меѓу македонското и грчкото население во Македонија во полза*

*на второто сè со цел да се влијае врз формирањето на грчка национална свест особено кај влашката етничка група*“[11].

Голема улога во спроведувањето на грчката асимилаторска политика играат и конзулите во Солун, Серез, Битола и Скопје. Познато е и „Друштвото за ширење на грчката писменост“ од Атина. Кулминацијата на оваа пропаганда во XIX век е манифестирана во Битолскиот вилает и тоа во периодот меѓу 1878-1893, кога во Битола се отворени грчка машка и женска гимназија, богословија, неколку основни училишта и повеќе установи за претшколска возраст. Предводници на грчката пропаганда во Битола се митрополитите Неофит и Александар, од кои вториот е изгонет од Битола од страна на турската власт под обвинение дека подготвувал бунт против Империјата[12].

Со формирањето на ТМРО и јакнењето на националната самосвест кај Македонците, оваа пропаганда својот интерес го засилува кон влашкото население каде има успех, но само до доаѓањето на влашкиот (романски) учител Апостол Маргарит, по што и таму почнува да ги губи своите позиции.

На почетокот од XX век, веднаш по Илинденското востание (1903) грчката пропаганда формира и свое милитантно крило вообличено во андартските чети, чијшто организатор е костурскиот митрополит Германос Каравангелис. За организирање и раководење со овие чети во Атина е формиран „Македонски комитет“ со филијали во Солун и Битола, со вториве раководат тамошните грчки конзули Л. Кормилас и Д. Калгерис[13]. Задачата на овие чети е преку закани, терор и убиства да го натераат македонското население да се врати под црковна јурисдикција на Цариградската патријаршија.

По Младотурската револуција грчката пропаганда е приморана да ги повлече четите во Грција, а воедно повторно да ја модифицира својата пропаганда во согласност со новонастанатите политички услови. Поради ова се формираат клубови, друштва, сојузи и братства со изразито националистички карактер, но истиве немаат голем успех

---

11 Д-р Томислав Тодоровски, *Македонија - настани, личности и дела, Опит книжевно-историски прирачник*, Скопје-Мелбурн 1999, 86.

12 Јован Павловски, Мишел Павловски, *Вчера и денес - Македонија! - практикум по историја*, Скопје 2000, 194 - 195.

13 Д-р Томислав Тодоровски, *Македонија - настани, личности и дела, Опит книжевно-историски прирачник*, Скопје-Мелбурн 1999, 87.

без поддршката од андартските чети. Веќе во 1909 Младотурците почнуваат да ги растураат овие политички клубови.

По поделбата на Македонија со Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година, грчката пропаганда во Егејскиот (Беломорски) дел на Македонија т.е., делот кој го окупира Грција за време на Балканските војни, е заменета со грчката државна политика на насилна асимилација, денационализација, а во краен случај и протерување на македонското население од своите домови. Ова оди дотаму што во периодот на генералот Метаксас било забрането да се говори македонски дури и во кругот на семејството.

За жал, мораме да констатираме дека и денес во XXI век Грција ја продолжува истата асимилаторска политика кон Македонците коишто живеат во Грција не дозволувајќи им да се декларираат како Македонци, ниту пак да го користат својот мајчин јазик - **македонскиот** при нивното образование. Нивната фобија од Македонците оди дотаму што воопшто не го признаваат постоењето на македонскиот народ било каде во светот.

**Српска црковно-училишна пропаганда**

Концепирањето на српската национална пропаганда во однос на Македонија можеме да ја лоцираме во програмскиот документ на српскиот министер за надворешни работи Илија Гаршанин - „Начертание“ од 1844. Во овој документ се изразува желбата и потребата од приклучување кон кнежевството Србија на 'сите српски народи'.

Практичната манифестација, пак, и одработувањето на овој документ ќе ги лоцираме нешто подоцна и тоа во и преку Црквата и нејзините училишта. За оваа цел во 1868 во Белград е формиран „Просветен одбор“ чијашто цел било отворање на српски училишта и испраќање на српски учители во Стара Србија и Македонија. Во наредните пет години овој Одбор успева да отвори 61 училиште, но истите поради српско-турските војни набргу биваат затворени.

По Берлинскиот конгрес српската пропаганда оди чекор понатаму во остварувањето на својата цел. Таа од страна на турските власти бара дозвола за печатење на српски учебници, а од Цариградската патријаршија поставување на српски епископи во Призрен, Скопје, Велес, Дебар, Битола и Охрид. Во Белград во 1886 е формирано друштвото „Свети Сава“ во чиишто рамки работат

„Светосавско вечерно училиште“ за македонските печалбари во Србија и „Светосавско двегодишно подготвително училиште“ во коешто се подготвуваат учители за српските црковни училишта во Македонија. Во наредните две години доаѓа до реотворање на 37 училишта. Одговор за засилувањето на српска пропаганда во Македонија во периодот по Берлинскиот конгрес можеме да добиеме од еден извештај упатен до германскиот канцелар и до министерот за надворешни работи од германскиот пратеник во Белград во кој се наведува содржината на една статија од г. Белугиќ (одговорен за односите со јавноста на кнезот Петар Караѓорѓевиќ) објавена во еден берлински весник (истата статија е објавена и нешто подоцна во органот на Младите Срби „Словенски југ“) во која се вели:

> *„Сите претензии кон Македонија се оценуваат како скршнување во погрешна насока [...] Пред австриската окупација на Босна, никој во Србија не помислил на искажување претензии кон Македонија. [...] Сè додека Србија ги бараше своите брегови на Јадранското море, немаше тврдење дека во Солун има српско население. [...] Дури откако на Србите, со насилен акт на Берлинскиот конгрес, им беше одземено природното право, поради историјата и јазичните граници, да се прошират кон Јадранското Море, со вештачка агитација погледот на српската политика се сврте кон Македонија. [...] Во моментот кога Србија ќе се откаже од неоснованите претензии кон Македонија, ќе биде тргната единствената пречка што стои на патот на вистинското збратимување со Бугарите“* [14].

Големо раздвижување и зајакнување на српската пропаганда во Македонија доаѓа со поставувањето на Стојан Новаковиќ за српски пратеник во Цариград (1889). Српската влада се поврзува и со Тајниот македонски комитет во Софија со кого прави договор за заедничко дејствување во Македонија при што се потенцирани целите коишто треба да се остварат преку меѓусебната соработка:

> *„1) борба за обновување на Охридската архиепископија под покровителство на Цариградската патријаршија што*

[14] Ханс Лотар-Штепан, Фељтон: *Македонски јазол, Белградски пратеник ја открива вистината*, Времеonline, Број 309, Вторник 8 февруари 2005.

*шребало да овозможи оШворање на македонски црковно-училишни оПшШини;*

*2) заложба за издавање на весникоШ 'Македонски Глас' на македонски јазик во ЦариГрад;*

*3) оШворање на училишШа со насШава на народен јазик, и*

*4) ПечаШење на учебници на македонски јазик за нивниШе ПоШреби.*

*Во духоШ на овие заложби СШојан Новаковиќ усПева да ја реализира својаШа идеја за ПечаШење Буквар (1889) и ЧиШанка (1890) во ЦариГрад, во кои 2/3 од ШексШоШ се на македонски, а 1/3 на срПски јазик. НивнаШа уПоШреба сеПак е краШкоШрајна - двеШе ПомаГала ќе бидаШ Повлечени, бидејќи објекШивно служеле за зацврсШување на македонскаШа национална кулШура и свесШ*"[15].

Во овој период Србија се здобива и со конзуларни претставништва во Солун, Скопје и Битола кои стануваат продолжена рака на српската пропаганда. Истите покрај својата дипломатско-економска функција почнуваат со агитација на македонското население за школување во Србија преку доделување на стипендии. Сето ова оди преку политичко-просветното одделение при Министерството за надворешни работи на Србија.

Успехот на српската пропаганда можеме да го видиме и во брзата појава на српски црковно-училишни општини во Битола, Поречје, Прилеп, Кичево, Галичник, Дебар, Крушево, Куманово, Кочани, Берово, Гостивар, Крива Паланка и Штип. Овој успех се должи на блискоста на српскиот јазик со македонскиот и заедничкото словенско потекло на српскиот и македонскиот народ. На ова како контра прашање би можеле да посочиме на бугарските црковно-училишни општини т.е., зошто македонскиот народ почнува да ги напушта, бидејќи сличноста на јазикот и словенското потекло ги спојува Македонците и со Бугарите. Одговорот, доколку нè задоволи, би можел да биде многу едноставен: српската пропаганда се јавува подоцна од Грчката и Бугарската и на почетокот како што посочивме погоре почнува да работи и дејствува во полза на Македонците; во деловите од Македонија каде што истата стоела наспроти Грчката пропаганда многу едноставно можеме да ги лоцираме причините, но во

[15] Д-р Томислав Тодоровски, *Македонија - настани, личности и дела, Опит книжевно-историски прирачник*, Скопје-Мелбурн 1999, 286.

деловите од Македонија каде што истата е наспроти Бугарската црковно-училишна пропаганда одговорот би бил многу покомплексен. Но, овој проблем не претставува тема на овој труд така што ќе се задржиме само на основните карактеристики, манифестации и цели на политичко-црковните пропаганди во Македонија.

Доколку внимателно ги споредиме грчката и српската пропаганда ќе видиме дека, иако кон крајот на XIX век почнува нивната отворена конфронтација, и двете користат ист начин на работа. Ова оди дотаму што и српската пропаганда по Илинденското востание формира своја четничка организација. Лесно се забележува веќе замислената делбена линија на Македонија, подоцна реализирана преку Балканските војни. Грчките андартски чети работат во јужните делови на Македонија, а српските во северните. Присуството и теророт од страна на вториве кон македонското население кое се противи на српската национална пропаганда е забележан особено во Кумановско, Скопско, Криво-Паланечко, Кратовско, Прилепско, Бродско и Кичевско.

Како и Грците, така и Србите по Младотурската револуција мораат да ги распуштат своите чети и да се прегрупираат и адаптираат на новонастанатата политичка ситуација.

> *„За таа цел, под раководство на српскиот генерален конзул Живоин Балугиќ, во Скопје е одржана т.н. Прва српска конференција (10 - 13. 08. 1908) која донесува манифест во кој ги дефинира односите на новосоздадената српска организација во Македонија со Младотурската партија [...] активноста на организацијата во почетокот ќе се одвива во рамките на следните интенции: максимална лојалност спрема Младотурците, барање на еднаков статус на српската со бугарската и грчката пропаганда (на планот на црковно-училишните привилегии), потиснување на бугарското влијание особено од териториите на коишто претендира српската држава и потполно ликвидирање на остатоците од грчко-патријаршиската пропаганда во северна Македонија“*[16].

---

[16] Д-р Томислав Тодоровски, *Македонија - настани, личности и дела, Опит книжевно-историски прирачник*, Скопје-Мелбурн 1999, 287-288.

Формално оваа Организација е распуштена во јануари 1910, но всушност истата продолжува со своето дејствување. По Балканските војни таа се манифестира како официјална политика на Српската влада: присилна асимилација и денационализација на македонското христијанско население.

**Римокатоличката пропаганда во Македонија**

Римокатоличката пропаганда во Македонија започнува со свое поактивно дејствување по Кримската војна (1856) по која турската власт врши страшни репресалии врз македонското население. Оваа пропаганда ветува француска и австриска заштита на населението доколку истото се приклони кон Римокатоличката црква. За оваа своја цел Конгрегацијата за пропаганда на верата основа во Македонија два мисионерски центра: Солун и Битола.

Покрај француска заштита, а како последица од обидите на македонскиот еснаф и работата на црковно-училишните општини за обновување на Охридската архиепископија, оваа пропаганда им нуди на Македонците обнова на Охридската архиепископија преку унија со Римокатоличката црква. Резултати од дејствувањето на оваа пропаганда се манифестираат во јужните делови од Македонија и тоа во градовите: Кукуш, Дојран и Еница-Вардар. Веќе во 1859 година доаѓа до унија меѓу кукушката црковна општина и Римокатоличката црква. Истата се оформува благодарение на отпорот на оваа општина кон Патријаршискиот епископ Мелетиј. По долго спротивставување на епископот и по неколкуте молби до Цариградската патријаршија во кои Кукушани барале негово сменување поради неморален живот, отпорот којшто истиот го давал во однос на просветата на македонското население на неговиот мајчин јазик и поставување на словенски епископ; оваа црковно-училишна општина како мерка на отпор и спротивставување на негирањата на нивните барања од страна на Цариградската патријаршија се одлучува да стапи во унија со Римокатоличката црква. За таа цел на 23 јуни 1859 поднесена е молба во која стапувањето во Унија со Римокатоличката црква било условено со:

*„1) Немешање во внатрешните работи на унијатите;*
*2) неменување на православното учење и догмите;*
*3) хиротонија на архиепископ од македонско потекло;*

*4) употреба на македонскиот јазик во училиштата, а црковно-словенскиот при богослуженијата, и*
*5) свештенството да биде избирано од народот итн.*"[17]

Ова ја загрижило Цариградската патријаршија и истата го заменува епископот Мелетиј со архимандритот Партениј Зографски кого го поставува за Кукушко-полјански епископ. По поставувањето на Партениј Зографски за епископ унијата била напуштена.

Примерот на кукушани се обиделе да го следат и граѓаните на Ениџе-Вардар, но откако Цариградската патријаршија не попуштила под заканата за премин во унија со Римокатоличката црква, дел од населението влегува во унија со Римокатоличката црква, но истата била раскината во 1860 поради притисокот од страна на Цариградската патријаршија и турските власти. По две години откако работите повторно не се смениле истото население повторно влегува во Унија со Римокатоличката црква и истата се задржува до 1870.

Римокатоличката пропаганда бележи успех и во Битолско каде мисијата на Лазаристите во унија со Римокатоличката црква успеала да придобие 10 семејства од самиот град и околу дваесетина села од Тиквешко и Велешко. Истава трае до крајот на шеесеттите години кога под влијание на рускиот конзул во Битола реагираат турските власти и истата не била никогаш обновена.

На крајот од 1873 и почетокот од 1874, шест македонски црковно-училишни општини (Солунската, Кукушката, Дојранската, Струмичката, Малешевската и Ениџе-Вардарската) даваат предлог на Римокатоличката црква да стапат во унија со неа, доколку таа им помогне во обновување на Охридската Архиепископија како македонска црква. Предлогов бил прифатен од страна на римокатоличкиот епископ на Одрин Рафаил Попов. Како реакција на ова дошло до вистинско тероризирање на македонското население од страна на турските власти кои ги подржувале грчките патријаршиски епископи кои сакале по секоја цена да го уништат ова народно движење за создавање на Македонска православна црква. Како пример за тоа до каде отишле работите ќе посочиме дека во 1874 струмичкиот патријаршиски епископ придружуван од турска војска сакал да богослужи во една од црквите во Малешевијата. На ова народот толку се разбранувал што сакале да ја запалат црквата заедно со епископот во неа. Само благодарение на големиот број на турски аскер

---

[17] Славко Димевски, *Црковна историја на Македонскиот народ*, Скопје 1965, 118-119.

кајмакамот успеал да го спаси грчкиот епископ. Голем број од селаните биле претепани и затворени. Истово се случувало насекаде каде што се манифестирало движењето за формирање на Македонска православна црква преку унија со Римокатоличката црква. Сепак репресалиите врз населението биле толку силни што ова движење почнало да спласнува. Единствено во Кукуш и Енице-Вардар Унијата опстојала и покрај сите притисоци.

Во 1887 година и прилепчани се обидуваат да добијат признание на својата црковна општина од страна на Римокатоличката црква, едно од барањата на оваа општина е истата да биде признаена како „Македонска православна прилепска општина", ова, всушност, е и еден од многуте обиди за обновување на Охридската архиепископија, односно формирање на Македонска православна црква. Предлогот не бил прифатен од страна на Римокатоличката црква.

На крајот од XIX век се бележи уште еден обид за обнова на Охридската архиепископија т.е. формирање на Македонска православна црква овој пат од страна на Скопскиот егзархиски митрополит Теодосиј (Гологанов). На 4 декември 1891 Теодосиј во своето писмо до папата Лав XIII бара помош за обнова на Охридската архиепископија во форма на Македонска православна црква којашто ќе биде во унија со Римокатоличката црква:

> *„Од свое име и од името на целата православна паства од Македонија, да не прими во крилото на Римокатоличката црква, откако ќе ја обнови Охридската архиепископија, незаконски укината од султанот Мустафа III во 1767* [...] *нашата желба произлегува од историското право на македонскиот православен народ да се ослободи од јуриздикцијата на туѓинските Цркви, Бугарската егзархија и Цариградската патријаршија, да се обедини во својата единствена православна црква и да ги добие сите белези на народ кој има право на самостоен духовен и културно-просветен живот*"[18]

Додека го очекувал одговорот од папата во јануари 1892 Теодосиј бил насилно однесен во Цариград каде е осуден со еден типично инструментализиран процес. На 11 март истата година му

[18] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за нациналнa држава*, Том 1, Скопје 1981, 292.

била одземена скопската катедра и бил испратен на „покајание“ во еден софиски манастир. Интересно е едно од обвиненијата коешто го товари за „создавање непостојана во историјата народност“.

Од изнесеново погоре може да се заклучи дека римокатоличката црковна пропаганда драстично се разликува од грчката, бугарската и српската. Последниве три имаат национално-асимилаторски пропаганди, додека, пак Римокатоличката црква се ограничува на прозелитизмот. Колку и да е негативно самото тоа што Римокатоличката црква имала прозелитска пропагандна политика во Македонија, сепак, не може да остане незабележано дека таа е единствената која му подава рака на македонскиот народ, најпрво признавајќи го како народ одделен, инаков од останатите балкански народи, народ со посебна култура, јазик и историја, а потоа и дозволувајќи, односно давајќи поддршка за обнова на Охридската архиепископија и формирање на Македонска православна црква.

## Протестантската пропаганда во Македонија

Протестантската пропаганда својата мисионерска дејност во Македонија ја започнува кон средината од XIX век. За таа цел во 1852 основала своја мисија во Солун составена од американски мисионери. По четиригодишна работа, американските мисионери се заменети со мисионери од Шкотска со седиште во Единбург. Методот на работа на оваа пропаганда бил многу сличен со оној на Римокатоличката црква, а се манифестирал преку поделба на бесплатни Библии, финансиски средства и нудење на заштита на македонското население од страна на Велика Британија.

Податоци за протестантската пропаганда и нејзините врски со македонските црковно-училишни општини сретнуваме и во 1874 година, а се поврзани со обидот на шесте македонски црковни општини за обнова на Охридската архиепископија (Солунската, Кукушката, Дојранската, Струмичката, Малешевската и Енице-Вардарската). Предлогот од овие општини до **Англиканската црква** бил да им се помогне во обновување на Охридската архиепископија. Знаејќи дека на чело на Англиканската црква стои монархот на Велика Британија, воопшто нѐ не зачудува што Англиканската црква им ја одбила својата помош, обновата на Охридската архиепископија стоела во спротивност на државната политика на Велика Британија од тој период. Истата ја подржувала Грчката православна црква која тогаш се борела за

освојување на македонските епархии и нивно потчинување под себеси.

Развитокот на протестантското мисионерство можеме да го следиме и во првите години од XX век кога се случува една многу интересна епизода во дејствувањето на ВМРО. На 3 септември 1901 четата предводена од Јане Сандански и Христо Чернопеев во близина на Горна Џумаја (денешен Благоевград) ги зема како заложници **американската евангелска мисионерка** Елен Мариа Стоун (Ellen Maria Stone) од Челзи, Масачусетс (Chelsea, Massachusetts) и Катарина Стефанова - Цилка (Македонка од Банско, потекнува од свештеничко семејство - внука на отец Стефан Кундев). Откупот побаран за нивно ослободување изнесувал 25.000 турски лири, средствата собрани на овој начин требало финансиски да го помогнат организирањето на воените чети на ВМРО и нивното вооружување. Ова се случило во предвечерието на Илинденското востание. Откупот е платен и тие се ослободени во март 1902. Интересно е да се напомне дека Катерина Стефанова за време на заробеништвото родила девојче кое е крстено Елена. Покрај сите непријатности кои ги доживеале за тие седум месеци по враќањето во Америка Елен Стоун и Катерина Стефанова се вклучуваат во активна анимација на американската јавност за дејствувањата и целите на ВМРО. Овој настан бил следен од голем дел од американските и европски јавни гласила како што се на пример: *New York Times, New York Daily News, New York Journal, Le Figaro, Leslie's Weekly, Everybody's Magazine, McClure's Magazine, The Chautauquan, London Daily News, Binghamton Republican* и други[19].

Благодарение на извештаите на овие весници, а и на американските мисионерски публикации како што е на пример: *The Missionary News* публикуван во Самоков, имаме претстава за развојот и раширеноста на протестантската мисионерска пропаганда во Македонија на крајот од XIX век. Во претходно споменатиов весник број 45 (27 јули, стр. 4) од 1893 започнува една серија извештаи за состојбата во Македонија под наслов „Notes and Reminiscences of Insurrection and War“. Во овие извештаи се третира состојбата во Македонија за време на и по Разловечкото востание (1878), меѓу другото се спомнува дека меѓу бегалците од Македонија имало и многу членови на Евангелската црква од Банско и истата се спомнува како

[19] http://library.ferris.edu/~cochranr/stone/stone4a1.htm; http://nytimes.com (The New York Times, Teresa Carpenter, *The miss Stone Affair: America's Firs Moern Hostage Crisis*, September 21, 2003; http://query.nytimes.com (The New York Times: Premium Archive, Ben Macintyre, *The Ransom of Battle-Ax*, September 21, 2003; Katerina Stefanova Tsilka, *Born Among Brigands*, McClure Magazine, Vol. 19, #4 (August 1902), 291-300.

најуспешна и најмногубројна од протестантските мисии на Балканот, при истава во Самоков постои и Мисионерско училиште.

Истиов весник неколку години порано (*The Missionary News*, #2, April 30, 1885) како приврзаници на Евангелската мисија во Банско споменува бројка од околу 100 машки лица, а како датум за формирање на оваа мисија го посочува месец април 1871 година. Во истиов број на *The Missionary News* се спомнува дека во тој период популацијата на Банско е чисто бугарска (во овие извештаи исто се наспоменува незапознаеноста на американската дипломатија и на американската јавност со националната и религиозна различност на балканските народи, па така сите словенски народи кои живеат на територијата на Балканскиот Полуостров се нарекуваат БУГАРИ) и брои околу 6000 лица. Ова само ни помага да си создадеме појасна слика за Евангелистичката протестантска пропаганда. Па така, Банско се споменува како најуспешна протестантска заедница, а истата има поддршка од помалку од 10% од вкупното население. Самото ова ни говори за неуспешноста и неприфатеноста на Протестантството од страна на македонското население, но фактот дека во 1901 година Сандански заробува протестантски мисионер ни потврдува дека истата, и покрај малиот успех, при својата работа не престанува со својата мисионерска дејност.

Dejan Borisov, deacon

## THE CHURCH CONDITION AND FOREIGN PROPAGANDAS IN MACEDONIA IN XIX CENTURY

*(Summery)*

During the XIX century several assimilation propagandas took place in Macedonia: Greek, Bulgarian, Serbian, Roman Catholic, and Protestant. The purpose of the first tree was national assimilation of the Macedonian people, and of the last two was limited to church assimilation only.

All of the propagandas, at first use the church and the education as a tool for realising their goals, but latter, at the end of the XIX and the beginning of the XX century, the Greek, the Bulgarian and the Serbian propagandas radicalise, and in the process of assimilation use military resources by sending troops and with the use of threats and compel try to execute the assimilation of the Macedonian people.